## *ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ*

### 1. ПРИХОДИ

Во периодот од **01.12.2024** година до **31.12.2024** година во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од **17.454.072 денари** и тоа по следните основи:

| ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ |
|---|---|
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал | 183.407 денари |
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал | 434.395 денари |
| 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста | 144.690 денари |
| Уплати по основ на данок на имот од физички и правни лица и камати за доцнење во плаќање на даноци од имот | 377.544 денари |
| Уплати по основ на данок на наследство и подарок | 124.446 денари |
| Приходи по основ на уплатени даноци на недвижности и права | 594.229 денари |
| Уплата на комунална такса за привремен престој од страна на регистрирани правни субјекти и физички лица кои нудат сместувачки капацитети | 45.472 денари |
| Такса за истакнување на фирма (фирмарина) | 177.852 денари |

| | |
|---|---|
| Комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација | 57.802 денари |
| Комунална такса што се плаќа за одржување на јавното осветлување | 1.157.706 денари |
| Такси за користење на просторот пред деловни простории и за користење на плоштад и др. и за истакнување на рекламни објави и огласи на јавни места | 34.227 денари |
| Комунален надоместок од уредување на градежно земјиште | 376.531 денари |
| Уплати по основ на административни такси кои се плаќаат за списи од општината. | 37.730 денари |
| Уплати по основ на закупнини на објекти и опрема во сопственост на општината | 104.788 денари |
| Уплати по основ на други неданочни приходи и приходи од органи на управа – надомест за користење на сала за венчавки, приходи од извршени уплати од министерствата за користење водовод и канализација на подрачните одделенија сместени во зградата на општината ,2 % од наплата на премии за каско и одговорност, 1.307.845 ден. поврат на буџетско учество за проектот-Кеј на река Брегалница, 192.000 поврат на буџетско учество од сметката – Агенција за вработување и 160.763 ден. поврат на буџетско учество за проектот – Ромактед 2 фаза | 1.731.133 денари |
| Приходи од продажба на земјиште, од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата и надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини | 871.464 денари |
| Приходи по основ на легализација на бесправно изградени објекти | 48.620 денари |
| Трансвер на средства од Буџетот на Р.С.М. во износ од 3.560.251 ден. по основ на 5,5% данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и тоа основен дел - 4,5%, дел за перформанси - 0,75% и дел за воедначување – 0,75% и 1.976.343 ден. и 7.379.635 ден. се повлечени од наменски сметки за плаќање на ситуација за реконструкција на локален пат „Црвен брег-Абланица" и 12.150 ден. се уплатени од Министерството за култура за реализација на проект | 10.952.036,00 денари |

## 2. РАСХОДИ

Во периодот од **01.12.2024** година до **31.12.2024** година од Буџетот на Општина Берово исплатени се вкупно **20.136.619 денари** и тоа за следните намени:

| ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ |
|---|---|
| За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица, вработените во ТППЕ и за платен персонален данок по решенија и надоместоци | 2.582.445 денари |
| Исплатен регресот за годишен одмор за 2024 година на дел од вработените во Домот за стари лица кои се финансираат со средства од основниот буџет на општината | 65.904 денари |
| Исплатен надомест на советниците за два месеца | 593.786 денари |
| Од постојаната резерва исплатени се 4 решенија донесени од страна на Советот на општината, од кои едно за болничко лекување, едно за финансиска помош на Општина Пехчево за санирање на настанатата штета од шумските пожари, едно за организирање на настанот – Меден појадок и едно решение за исплата на средства за потребите на ЈУМЦСР – Берово за купување на машина за перење | 88.111 денари |
| Исплатени дневници и патни трошоци за службени патувања во земјата на градоначалникот, советници и администрација во износ од 23.243 ден., за реализирани патувања во странство и тоа 2 патувања во Турција, 2 патувања во Бугарија, едно во Германија и две патувања во Словенија во периодот од септември до декември на градоначалникот и администрацијата се исплатени дневници и патни трошоци во износ од 111.496 ден., 10.000 ден. се потрошени за надополнување на ТАГ картички и 34.080 ден. е платено за сместување на гости | 179.247 денари |
| За телефонски услуги, интернет и др.услуги 19.774 ден., за горива и масла 84.171 ден., за поштенски услуги 7.440 ден.,за ел.енергија и улично осветлување за месец ноември 620.207 ден. и за набавка на дрва за потребите на ТППЕ 30.521 ден. | 762.113 денари |

| | |
|---|---|
| За кетеринг за вработените во ТППЕ 3 смена за еден месец 21.420 ден., за материјали за ул.осветлување и новогодишно украсување 399.856 ден., за прехрамбени продукти и пијалоци за потребите на општината 14.064 ден., за годишна претплата на билтен 9.975 ден. и 42.757 ден. за канцелариски материјали | 488.072 денари |
| За поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема 21.437 ден.,за услуги за обезбедување на Бизнис инкубаторот платени се 4.720 ден., за одржување возилата на општината 4.686 ден. и за извршена дератизација на територијата на општината платени се дел од 57.606 ден. | 129.041 денари |
| 209.079 ден. се исплатени кон две физички лица ангажирани од страна на општината за изработка на мурал на јавен простор и за заштита и одржување на спомен обележјата на територијата на општината, за користени услуги од АКН 630 ден, 7.000 ден. банкарска провизија за подигање на девизи од НБРМ, 5.464 ден. за изнајмување на простор за еден месец за потребите на детската градинка, за извршени испитувања за квалитетот на водата за пиење 6.160 ден. и за услуги за копирање,печатење и издавање 300.650 ден. | 528.983 денари |
| За репрезентација платено е 65.446 ден., 122.838 ден. за објава на огласи и 9.728 ден. за др.оперативни расходи – цветни аранжмани - платени се 20.200 ден. | 198.012 денари |
| Исплатени средства за привремени вработувања – регрес за годишен одмор на вработено лице преку агенција за привремени вработувања во Домот на културата – Димитар Беровски | 12.490 денари |
| Исплатени средства на износ од 80.000 ден. на ОФК Малеш и 80.000 ден. на ППК, согласно програмата за спорт и 60.000 ден. на здружението Малешевски еснафи – согласно програмата за култура | 220.000 денари |
| Исплатени се 2 решенија од по 8.000 ден. – субвенција за полагање на возачки испит Б-категорија, 5 решенија од по 7.000 ден. за новородено дете, 12 решенија од по 6.000 ден. субвенции за студенти, 3 решенија по 10.000 ден. еднократна парична помош на лица со попреченост и 1 решение од 10.000 ден. за згрижувачко семејство,148.500 ден. буџетско учество на донаторската сметка ОКР за исплата на ангажирани лица за вршење на општокорисна работа, 240.000 ден. буџетско учество на наменската сметка за вработување за исплата на ангажирани лица за вршење на општокорисна работа и решение на износ од 41.585 ден. за смрт на родител на вработен во општината | 692.565 денари |

| | |
|---|---|
| 9.202.092 ден. се платени по доставена завршна ситуација за реконструкција на патот Црвен брег – Абланица (исплатено е со повлекување на средства од наменска сметка доделени од МТВ за таа намена, од сметката ЈП за државни патишта, согласно програмата за локални патишта и улици за 2024 година и дел со буџетски средства), 554.796 ден. за изготвување на проекти, 292.993 ден. се платени за изградба на пешачка патека-спој на ул.ДИМ и ул.К.Рацин во Берово, 1.216.080 ден., 741.420 ден. за изградба на ул.осветлување на влезот во Берово, 1.457.700 ден. буџетско учество за промена на столаријата во ОСУ „Ацо Русковски" и исто така 130.769 ден. буџетски средства за средното училиште за набавена информатичка опрема. | 13.595.850 денари |

Бр.08-244/1
23.01.2025 год.

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски